Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **АБП Премиум Дооел -Скопје** за сечење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши пресадување ( корнење и повторно садење ) на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 9 (девет) дрва (5 гледичи, 2 липи, јавор и чемпрес), што се наоѓаат во дворот на барателот на **ул. "Петар Ацев" бр.25** – Скопје, во рок од 30 дена од правосилноста на ова решение.
2. Пресадувањето на дрвата треба да го организира барателот под надзор на ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје на локација утврдена во кординација со ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.
3. Пресадувањето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.
4. Се задолжува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, да изготви записник за сите дејствиа предвидени во точка 1 од ова решение.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**АБП Премиум Дооел -Скопје, ул."Димо Хаџидимов" бр.8/20 - Скопје**,поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/740** од **07.10.2024** година, за сечење на дрвата што се наоѓаат во дворот на барателот на **ул. "Петар Ацев" бр.25 –Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето пречат при изведба на градежни работи, односно изградба на зграда согласно Правосилно Одобрение за градба Бр.УП1 бр.20-34/2024 од 22.10.2024 год. издадено од Општина Аеродром.
Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Во член 14 од истиот закон стои дека подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение.

Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило дека барателот располага со правосилно одобрение за градба. Согласно наведеното, а имајќи ја во предвид состојбата на зеленилото, како и основната цел содржана во член 3 став 1 од Законот за урбано зеленило односно, дека управувањето со урбаното зеленило се врши на начин на кој трајно ќе се сочува и зголеми неговата вредност, за да може да ги врши своите функции, овој огран има одлучено да се врши пресадување на зеленилото (корнење и повторно садење ) во соработка и под надзор на ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје.

Бидејќи, во случајот не се врши сечење на зеленилото не постојат услови да му се наметне обврска на барателот за компензационо садење.

Поради се горе наведеното овој орган има одлучено како во диспозитивот.

.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/740/2**
**24.10.2024** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

__________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

__________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

__________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи
**Зоран Лапевски**

__________________